**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
**Бр. 02 -2232/1**
**14.10.2016 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 66 и 64 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ"бр.35/2008; бр.103/2008; бр.26/2009; бр.83/2009; бр.99/2009; бр.115/2010; бр.17/2011, бр.51/2011, бр.123/2012, бр.15/2013, бр.24/2013, бр.41/2014, бр.116/2014, бр.130/2014, бр.10/2015, бр.20/2015), а во врска со член 8 став 1,2 и 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ"бр. 13/2006, 86/2008,6/2010, 42/2014, 148/2015, 55/2016), Деканот на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј " во Скопје, **д о н е с е**

# О Д Л У К А

## за определување на службено лице за посредување со информации

**член 1**

Со оваа одлука лицето **Мартина Коцевска**, секретар на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, се определува за службено лице за посредување со информации при остварување на правото на слободен пристап за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Факултетот, како имател на информации.

**член 2**

Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер кога имател на информацијата е факултетот, согласно Листата на информации од јавен карактер утврдена од Деканатската управа на факултетот, и им помага на барателите на информации за што води посебна евиденација за примањата на барањата за информации, чувањето и давањето на информации, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на факултетот.

Службеното лице за посредување на информации по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до деканот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**член 3**

Деканот или по негово овластување продеканите соработуваат со службеното лице за посредување со информации од јавен карактер заради создавање услови за примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**член 4**

Оваа одлука се објавува на Веб-страната на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје.

**член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДЕКАН**

**Проф.д-р Драги Димитриевски**